ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА БОГДАНЦИ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА БОГДАНЦИ

6

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за *законски измени* со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината.
- Функционална мрежа на месни самоуправи, како систем за граѓанска партиципација, и враќање на местните заедници, како облик на непосредно територијално (маалско) самоорганизирање и актуелизирање на помали секојдневни проблеми од соседството.
- Формирање на младински совет ,како глас на младите во локалната самоуправа ( предлог проекти и идеи , организирање на спортски и културни настани , еколошки акции ).

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните маалски жители во процесот на креирање децентрализирани јавни политики од корист за мештаните (јавни анкети и сл.)
- Посебен Отворен ден за граѓански идеи (еднаш на секои три месеци)
- Отворени денови на градоначалникот и советниците (за редовен прием на граѓани и странки) со цел решавање на проблемите со кои се соочуваат граѓаните на локално ниво . (Формирање на тело од страна на советнците со Статут и обврска за прием на граѓаните).

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Двосменско работење на шалтерите, со цел поголема достапност на граѓаните.
- Задложително одржување на седниците на советот вон работно време, со цел можност за присуство на повеќе граѓани.
- Задолжителен пренос во живо (лајвстрим) на седниците на советот на општината.
- Јавно достапни материјали за работа на седниците, вклучително продлог програмите, записниците и продлог буџетите и сл.
- Воведување на проектот „Е-општина", без непотребни чекања на шалтер.

## 4. Локална заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

- Бирање, преку јавни огласи за вработување, на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и политичките врски при вработувањето и напредувањето во кариерата.
- Вработување во локалната самоуправа на лицата со попреченост и сиромашни лица по имот.
- Целосно почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.

### 5. Намалени хонорари на локалните функционери

- Иницијатива за намалување на надоместоците за плата на градоначалникот.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. Плански проактивни општини

- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.
- Создавање специјализирани општински јавни претпријатија за извршување градежни работи, како замена на тендер-системот.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, сбвенционирани станови за млади брачни парови, старечки домови и сл.)

### 2. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Редовно сервисирање и намалување на долговите на општината, како правно лице и зголемување на капиталните инвестиции на општината.

### 3. Зголемување на општествената одговорност на локалните компании

- Стимулирање на стипендирања од страна на приватните фирми на младите ученици и студенти.
- Стимулирање на донации од локалните бизнисмени наменети за социјални и општокорисни намени.

### 4. Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на микро и мали претпријатија.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

- Креирање стратешки развојни документи за ЛЕР (Локален економски развој) и ЛЕАП (Локален економски акционен план), со уважување на компаративните предности на Богданци и околните села , како некогашни лидери во производството на храна ,транспортот и металуршката индустрија.
- Грантови од 300 000 денари за најдобрите бизнис планови на територијата на О.Богданци ( 10 грантови годишно)

## 5. Помош на локалното земјоделство

- Планско возможување бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица.
- Анализа на обемот на производството на земјоделски и сточарски производи на ниво на општинта се со цел реорганизација според потребите на откупните центри, преработувачките капацитети и локалниот пазар за достигнување на одржливи цени на чинење на производот.
- Изградба на покриен градски зелен пазар, со придружни деловни простории за трговија на мало со предност за локален производ и локален производувач.
- Имплементација на Стратегијата за земјоделие и промоција на земјоделски производи.

## 6. Обезбедување на потребната логистика во индустриските зони

- логистичка помош за инвеститорите
  - -детален урбанистички план според потребите на инвеститорите
  - -водоводна инфраструктура
  - -патна инфраструктра

## 7. Капитални проекти

- Гасификација на индустријата и домаќинствата (изградба на локална гасоводна мрежа).
- Прочистување и уредување на каналот Луда Мара и сите други канали на локално ниво.
- Проектирање на нова улица за пристап до приватните имоти на кои немаат директен пристап до обиколницата на Богданци (Р1109).
- Чистење, порамнување и одржување на сите тн. земјени патишта кои се користат од земјоделците и нивно тампонирање.
- Позеленување на површини на територијата на општинта и пошумување на оштетените подрачја од пожари , како приоритет за зелена општина и борба со енормно високите температури низ летниот период.
- Изградба на една помала Автобуска станица за потребите на Богданци, Стојаково, Ѓавото и Селемнија.
- Доуредување на местото викано Честитe Јавори и уредување на мв. Побрегово за рурален туризам
- Изградба на детски забавен парк во Селемнија.
- Проширување и реконструкција на делницата од локалниот пат, бензинска Шимов -Ѓавото (втора фаза од реконстркцијата).
- Формирање на Здружение на возачи на општина Богданци и во јавно приватно партнерство со општината изградба на нова Станица за технички прегледи.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

- Реконстркција на водоводната мрежа во с. Стојаково.
- Дозавршување на проектот „Фотоволтаична централа за потребите на ЈП Комунална чистота.
- Реконструкција на главна улица Маршал Тито Богданци со уредени тротоарски површини, велосипедски патеки и зелен појас.
- Реконструкција на главна улица Маршал Тито Стојаково со уредени тротоарски површини, велосипедски патеки и зелен појас.
- Проект уредување и изградба на Паљурци на спортско-рекретивен и туристички центар.
- Изградба на зелен парк во Богданци.
- Изградба на нова депнија за одлагање на смет по најдобрите практики.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против урбаната мафија

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште.
- Носење на ГУП на Општина Богданци.
- Забрана за продажба на државно/општинско земјиште.
- Експропријација на објектите во заштитените области.
- Планирање и хуманизација на просторот.

## 2. Планско градење

- Рамономерен инфраструктурен развој со цел да нема избегнување на инвестиции во посиромашните средини од градот.
- Стимулирање изградба на модерни и еколошки одржливи станбени комплекси по транспаретни критериуми, со право на рамноправно учество на сите заинтересирани инвеститори.
- Задолжително зазаленување на просторот околу зградите со високостеблести садници, од страна на инвеститорот.
- Презентации и јавни расправи за деталните и генералните урбанистички планови да се одржуваат надвор од работното време со цел за поголема партиципација на граѓаните.
- Објекти кои преставуват опасност по безбедност на граѓаните да бидат санирани или отсранети.

## 3. Пешачки зони

- Изградба на пешачка патека низ ридскиот предел на општината од потегот на брана Паљурци до брана Селемнија со станици за одмор и разладување.
- Создавање пешачки зони.
- Уредување на рекреативна патека Паљурци и доизградба.
- Изградба на рекреативна пешачка патека Стојаково -Шимов.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

- Успорување на моторизираниот сообраќај во населените места преку инфраструктурни решенија.

## 4. Урбан велосипедизам

- Изградба на велосипедска патека со цел користење на велосипедот како основно средство за транспорт на потегот Богданци - Стојаково - Богородица.
- Изградба и обележување на велосипедски патеки во централното градско продрачје.
- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции.
- Воспоставување и тековно одржување на велосипедска инфраструктура (вело-ленти, слеани рабници, поставување столпчиња, вертикална и хоризонтална сигнализација и отстранување на физичките пречки за непрекинато возење велосипед).
- Поттикнување на велосипедскиот сообраќај на општинско ниво.
- Зголемување на нивото на сообраќајна култура за рамноправен третман на велосипедистите како учесници во сообраќајот.
- Подигнување на јавната свест за користностите придобивките од секојдневното користење велосипед како превозно средство.

## 5. Улици и патишта

- Асфалтирани и добри патишта до секое село, населба и маало.
- Инклузивен и безбеден сообраќај за подобро поврзување на секој дел од општината.
- Изградба на помали кружни текови за забрзување на сообраќајот.
- Ревизија на моменталното сообраќајно решение во Богданци и решавање на хаосот кој е настанат.
- Редовно санирање на оштетувањата на коловозите.
- Систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајната сигнализација.
- Редовно сервисирање на дефектите на јавното осветлување, проширување на мрежата на јавно осветлување и поставување на штедливи сијалици за енергетска ефикасност.
- Чистење и одржување на локалните и регионални патишта со цел поголема безбедност и сигурност во сообраќајот.

## 6. Јавен превоз

- Утврдување на состојбата на патиштата и покриеноста со јавен превоз во селските средини и автобуско поврзување на руралните населени места (Стојаково, Селемнија, Ѓавото) со Богданци и Гевгелија.
- Зголемување на фрекфенцијата на автобуските линии и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на локалното население.
- Редовни јавни транспортни линии на локално ниво.
- Субвенционирани билети за јавен превоз за различни категории граѓани кои живеат во социјален ризик.
- Поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина (мали постројки во Ѓавото и Селемнија).
- Поставување на информативни табли со локалните знаменитости од тој крај

## III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

### 7. Градски паркинг

- Забрана за воведување на платен уличен паркинг.
- Изградба на современи паркинг платеви со заштитни тенди за паркираните автомобили.
- Изградба на наменски паркинг простор во близина на градинките, пазарите и угостителските објекти, со цел да се избегне блокирањето на улиците од запрени и паркирани автомобили.
- Изградба на монтажни паркинзи на најфрекфентните места во Богданци.
- Редовно отстранување на хаварисани возила од градските улици.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

### 1. Водовод

- Чиста вода за пиење во секое село (помош во изградбата на водостопански објекти, прочистителни и препумпни станици во секое населено место, со можност за приклучок кон градскиот водовод).
- Перманентно одржување на водоснабдителните мрежи наменети за земјоделско полевање (акумулациона брана Паљурци и Акумулациона брана Селемнија).
- Реконструкција на водоводната мрежа.

### 2. Канализација

- Надзор над прочистувањето на отпадните води.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од нанесениот цврст отпад.
- Решавање на проблемот со истечните води при поројни дождови.
- Изградба на сеопфатна атмосферска канализација за собирање на дождовницата од ридовите.
- Доизградба на колекторскиот систем.

### 3. Погребални услуги

- Воведување на 24 часовна стражарска служба на јавните градски гробишта со цел спречување на кражбите и скверкавењата на гробовите.

### 4. Јавна чистота

- Хортикултурно уредување на секоја зелена јавна површина.
- Современо транспортирање на комуналниот отпад.
- Одржување на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.
- Потикнување на селекција на отпад.
- Поставување на јавни тоалети во централното градско подрачје и во сите населени места.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## 1. Стоп на загадувањето на природата

- Спроведување конкретни проекти што ќе го намалат и/или елиминираат загадувањето на животната средина (еколошки кампањи за подигање јавната свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на „зелени технологии" итн.).
- Иницирање проекти за намалување на негативните последици од климатските промени (т.н. Зелено производство на електрична енергија – соларна, геотермална, ветерници, урбани градини, субвенционирање јавен превоз, субвенционирање енергетски ефикасни градби итн.).
- Доставување на бесплатни корпи за селекција и рециклирање на цврст отпад во секое домаќинство.
- Изградба на регионална фабрика за преработка на отпад.
- Решавање на проблемот со палење на депонијата и отстранување на сите диви депонии.

## 2. Еко-активизам

- Редовни акции за чистење на излетничките места.
- Граѓански позорникарски и едукативни Еко-патроли составени од млади волонтери (екологисти, зелени активисти, извидници и сл.).
- Планско пошумување на околните ридови.

## 3. Паркови и зеленило

- Казни за несовесните граѓани кои ја уништуваат урбаната опрема во зелените површини.
- Рамномерно оплеменување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило.

## 4. Зелени политики на локално ниво

- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.
- Вклучување на неформалните собирачи на отпад во системот на комунално депонирање.

## 5. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на јавните објекти.



# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

## 1. Образование

- Реновирање на училишта во Богданци и околните села според потребите и приоритетите.
- Бесплатен оброк за сите ученици во основните училишта.
- Набавка на соодветен општински возен парк заради обезбедување бесплатен превоз на ученици.
- Забрана за издавање на училишните кујни под концесија.
- Забрана за приватно обезбедување.
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми.
- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти, со вклучување и на наменски донации од локалните бизниси.
- Реновирање и обезбедување пристојни услови во „интернатот“ (ученичкиот дом).

## 2. Култура

- Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе-книжарници, сувенирници и сл.
- Активирање на домовите на културата со содржини.
- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Организирање културни настани.
- Негување на фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.

## 3. Туризам

- Изградба на спортско-рекреативен комплекс „Брана Паљурци“.
- Изградба на велосипедска и пешачка патека низ ридскиот предел на општината, од потегот на брана Паљурци до брана Селемнија, со станици за одмор и разладување.
- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам.
- Развој на услови за кампинг, риболовство, ловство крај Паљурци и околината.
- Отворање на Туристичко биро задолжено за стратешко планирање на развојни политики.

## 4. Спорт и рекреација

- Изградба на нов затворен базен.
- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови во различни форми и преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Реновирање на ѕидот, партерот и трибините на Градскиот стадион.
- Организирање маалски лиги во разни спортови, со наградни фондови поддржани од општинскиот буџет.
- Изградба на тениско игралиште во рамки на ООУ „Петар Мусев“ - Богданци.

## VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

### 5. Детски игралишта

- Изградба на повеќе детски игралишта со различни елементи за забава.
- Партерно и хортикултурно уредување на запуштените дворови на колективните станбените згради, со цел тие да станат пријатни зелени катчиња за станарите и нивните семејства.

# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

### 1. Детска заштита

- Згрижување на „деца од улица“ (решавање на проблемот со просење и питачење, како облик на злоупотреба на децата).
- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно-социјални проблеми.
- Бесплатни градински за секое дете.
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните со цел ниту едно дете да не остане незгрижено.
- Вработување на поголем број високообразуван стручен кадар во градинките со цел непречена можност за двосменско работење.

### 2. Младински политики

- Стимулирање на млади претпиемачи за започнување свој мал бизнис („стартапи“).
- Воспоставување локална мрежа со младинските организации.
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- ИТ обука за помладите со кофинансирање од страна на општината и локалните компании.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од посиромашни семејства (деца на стечајци, деца на невработени, деца на ниско платени работници).

### 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Финансиска помош на пензионерски клубови.
- Нега во домашни услови за старите и изнемоштени лица, со волонтерски акции од Црвениот крст и други хуманитарни организации.



# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Еднократно отпишување на долговите за неплатена вода кон ЈКП „Комунална чистота“ Богданци и повлекување на сите тужби за неплатени сметки против најсиромашните слоеви од населението.
- Воведување програма за заштита од „енергетка сиромаштија“ (субвенционирање на долговите за вода и комуналии на сиромашните семејства).
- Отворање народни кујни за сиромашни лица.
- Воведуање интервентен јавен фонд за социјално загрозени семејства.
- Континуирани обуки за преквалификација и докфалификација на невработените лица.
- Поддршка на самохрани родители.
- Институционална помош на жртви на семејно насилство со отворање на прифатни Шелтер центри.
- Згрижување и домување на лицата со социјален ризик и на бездомниците.
- Згрижување и соодветен третман на зависници од дрога и алкохол.
- Ваучер од 15.000 денари за летен или зимски одмор за дечиња од социјално ранлива категорија.
- Еднократна парична помош од 10.000 денари за пензионери приматели на социјална и минимална пензија.
- Зголемување на додадокот за новородено прво дете од 5000 денари на 15000 денари.
- Проект „Ваучер од 12.000 денари кој се доделува еднократно, во време траење од три години, за секое новородено дете“.

## 2. Општествена грижа за лицата со попреченост

- Дневен центар за лица со попреченост.
- Доследно спроведување на пограмата „Личен асистент“.
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.

## 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за инвалидни лица.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови...

## 4. Јавно здравје

- Воведување дежурна служба во амбулантата.
- Постојан матичен лекар во Стојаково и денови за посета во Селемнија и Ѓавото.
- Едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа.
- Зголемување на бројот на дежурни аптеки во ноќните часови.
- Помош на пациенти со специјални потреби (ментално здравје, зависности, злоупотреби на деца и сл.).

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓански здруженија и експертска помош од граѓанските здруженија за областа во која тие дејствуваат.

## 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Формирање на доброволно пожарникарско друштво.
- Поставување хидранти до капиталните објекти.
- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери.

## 3. Стоп на нехуманиот третман на бездомните животни

- Воведување општинска Шинтерска служба.
- Доследно спроведување на програмата „Залови–стерилизирај–вакцинирај–врати".
- Изградба на паркови за кучиња опремени со сите потребни реквизити.

# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на тендерите, промената на генералните и деталните урбанистички планови и сл.

## 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Перманентни обуки за надградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.

## 3. Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња.
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и ресторанидте.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови, со поголема сообраќајна контрола.

# ЛЕВИЦА

## ЗА БОГДАНЦИ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА БОГДАНЦИ

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija